Даринка ПЕТРЕСКА

**УДК: 325.83-05/497.2)„18/19“**

# БУГАРСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРИ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО И НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО КРАЈОТ НА XIX И ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА XX ВЕК

## – Прилог кон прашањето за соработката на балканските револуционери во националноослободителните борби на балканските народи –

***Кратка содржина***

*Многу револуционери од соседните земји и народи на Македонија, учествувале во Македонското националноослободително движење и во борбите за ослободување во крајот на XIX и почетокот на XX век. Меѓу нив имало многу револуционери од Бугарија, кои се бореле за ослободување на Македонија и за воспоставување на независна македонска држава. Ова е многу очигледен пример дека имало обиди за соработка во корист на сите националноослободителни движења и за исполнување на нивните националноослободителни програми за време на Османското владеење на Балканот.*

***Клучни зборови***: *МАКЕДОНИЈА, РЕВОЛУЦИОНЕРИ, СОРАБОТКА, ОСЛОБОДУВАЊЕ, ДВИЖЕЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА.*

Соработката на револуционерите од балканските земји во борбите за национално ослободување и државност на балканските народи била присутна низ целиот XIX и почетокот на XX век. Бугарски револуционери учествувале во ослободителните борби на српскиот и македонскиот народ, македонски револуционери во ослободителните борби на бугарскиот, српскиот, грчкиот, албанскиот народ, босански и црногорски револуционери во ослободителните борби на српскиот, бугарскиот, македонскиот народ итн.

Некои од револуционерите своето учество во револуционерните борби и националноослободителното движење во соседната

земја го врзувале и со званичната политика на нивните династии и влади, или со други политички фактори кои имале територијални аспирации кон соседните земји.

Со оглед на тоа што македонскиот народ останал најдолго под османска власт и својата организирана револуционерна и националноослободителна борба ја продолжил и во периодот кога соседните народи веќе се ослободиле од османската власт и си конституирале свои автономни или независни национални држави, Македонија станала посакувана територија од нивните влади и династии, кои поттикнувале и поддржувале поединци или организации да се помешаат во македонското националноослободително движење со цел остварување на нивните територијални аспирации, а не за искрена помош за ослободување на Македонците и за конституирање своја државно - политичка единица на Балканот, какви што имале и другите народи. Најбројни биле оние зад кои стоела владата и династијата на Бугарија. Тие нашле можност за инфилтрирање во македонското револуционерно и националноослободително движење благодарение и на оние Македонци кои ја прифатиле големобугарската идеја, пред сé врховистите за време на Илинденскиот период и нанеле голема штета на самородната македонска ослободителна и национално-политичка платформа за автономна и независна Македонија. Нашата историографија има посветено поголем број трудови и прилози за нивната разорна улога.

Но, имало и бројни револуционери кои во согласност со своите високо хумани, интернационални и еманципаторски идеи и сфаќања за универзалноста на слободата, учествувале предано, искрено и несебично во националноослободителното движење на народот во соседната, или подалечната земја, кој се стремел кон отфрлање на туѓото господство и конституирање на своја суверена држава.

Меѓу таквите револуционери на Балканот биле и оние бугарски револуционери – учесници во револуционерните и националноослободителни борби на македонскиот народ, кои биле водени од идејата и духот на бугарскиот револуционер Васил Левски, изразени низ сентенцата: "Ако Бугарија се ослободи, ќе заминам сред друг поробен народ да се борам за неговата слобода".[1] Најчесто нивните сфаќања

[1] Централен државен архив, (понатаму ЦДА), София, ф. 1932, оп. 2, а.е. 187, л. 55.

за уредување на општествата и државите, за слободата на народите биле многу различни од завојувачките аспирации на династиите и на недемократските влади во балканските држави, кои водени од национализмот и шовинизмот ги гушеле демократските права на народите и не ги почитувале ниту индивидуалните права и слободи на граѓаните во сопствените држави. Со своите идеи и сфаќања за рамноправна соработка на балканските народи и за полесно остварување на нивните заеднички економски, културни, духовни и други потреби и интереси, тие балкански револуционери биле носители на новите демократски и либерални тенденции за солидарност и соработка преку обединување во федерации, сојузи и унии на Балканот и во Европа, нешто што е присутно како тенденција и политика сѐ до денес.

Во оваа прилика нашето внимание е свртено кон оние Бугари, односно бугарски револуционери и учесници во борбата на македонскиот народ кои биле водени токму од идеите и примерот на Левски. Тие како доследни револуционери и интернационалисти ја прифатиле македонската ослободителна кауза, застанале во редовите на Македонската револуционерна организација (МРО), основана во 1893 г., ги прифатиле нејзината програма и принципи за македонска автономност, сувереност и државност. Повеќето станале најголеми противници на врховизмот, кои му се посветиле со сета своја преданост на самостојното македонско ослободително дело, придонеле со своите извонредни организаторски и идејнополитички агитаторски способности за изградувањето на организационата мрежа ширум Македонија. Помогнале во комплетирањето и обучувањето на војводскиот и четничкиот кадар – вооружените организациони сили. Се вклучиле во макотрпните подготовки на завршниот чин – општо народното востание за отфрлање на османската власт и за создавање на автономна и самостојна слободна македонска држава и дел од нив учествувале како војводи и четници во четите на МРО во Илинденското востание.

Тие Бугари биле под силна импресија на раздвижувањето на македонските емигрантски сили во Бугарија, кои се подготвувале да дадат придонес во ослободувањето на својата татковина Македонија која сѐ уште се наоѓала под османска власт. И во тој сплет на околности кога низ европските политички и културни центри се собирале млади луѓе кои ги прифаќале идеите од граѓанските и либералните француски и швајцарски средини, од руските револуционери и

народнаци, од анархистите и социјалистите, како ехо одекнувале и на Балканот во ослободените и сè уште неослободените земји и ги покренувале најмногу младите и бунтовни, по природа, средношколци и студенти, но, и други слободномислечки личности да ги надминат секојдневните прозаични потреби од физички опстанок и да се предадат на повозвишени пулсирања за толеранција, духовно и културно збогатување и соработка на слободните балкански народи. Така во деведесетите години на XIX век се создавала критична маса револуционери меѓу македонската емиграција во Бугарија, која можела да биде употребена, или поточно злоупотребена од страна на државните структури за остварување на експанзионистичката политичка за создавање голема бугарска држава на Балканот во граници исцртани со Санстефанскиот мировен договор од 1878 г. за сметка на делови од соседните неослободени земји на Балканот меѓу нив и на Македонија. Меѓутоа, голема била и можноста истите македонски емигранти во Бугарија организирано да се привлечат од МРО и да се ангажираат во остварување на желбите и стремежите на македонскиот народ за самоослободување и конституирање на своја државно-политичка единица на Балканот. И токму во изборот на тие опции пред македонските емигранти за афирмирање и самодокажување како револуционери, помогнале многу Задграничните претставници на МРО во Софија, Гоце Делчев и Ѓорче Петров (1899-1901 г.), кои одиграле голема улога во привлекувањето не само на дел од македонските емигранти, но и на оние револуционери Бугари кои ги делеле сфаќањата и идеите на македонските емигранти и ја прифатиле програмата, целите и задачите на МРО за ослободувањето на Македонија и констиурање на посебна македонска држава.

Повеќе бугарски револуционери учесници во македонското револуционерно и националноослободително движење загинале во борбата со уфрлените врховистички чети од Бугарија, или биле предадени од страна на врховистите на османските власти во Македонија, некои во борбата со османските војски, а некои во балканските или во Првата светска војна. Мал број од нив ги преживеале бурните години на војните и останале и по Првата светска војна противници на врховизмот, на балканскиот шовинизам и национализам и продолжиле во новите услови да се ангажираат во поддршката на борбата за обединување на поделена Македонија и остварување на државноста

преку автономна или независна македонска држава. Меѓу нив биле и оние Бугари кои останале активни во редовите на Серската револуционерна група, Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО, Македонската Федеративна организација, ВМРО (обединета) и други.

Меѓу бројните Бугари кои одиграле голема улога во македонското ослободително движење во Илинденскиот период и по него биле: Христо Чернопеев, Крсто Асенов, Михаил Герџиков, Димитар Стефанов, Михаил Попето, Марко Лерински (Георги Иванов), Петар Јуруков, Пеју Јаворов, Параскев Цветков, Тодор Паница, Александар Бујнов, Чудомир Кантарџиев, Душо Желев, Крсто Блгаријата, Георги Папанчев, Атанас Дачев и уште многу други од различни краеви на Бугарија.

Христо Чернопеев[2] ги добил првите сознанија за македонското ослободително дело преку печатот, но поопстојно навлегол во тајните на тоа дело по запознавањето со Борис Сарафов, а особено по напуштањето на воената служба и доаѓањето во Софија во 1899 г. и по запознавањето со идеологот и дипломатот на МРО, Ѓорче Петров кој тогаш ја имал должноста на задграничен претставник на Централниот комитет на МРО. Од Ѓорче најмногу дознал за целите и задачите на МРО. Со оглед на големата потреба од активисти, агитатори и вооружена борбена сила на Внатрешната организација во Македонија, по препорака на Ѓорче Петров, Чернопеев се согласил да замине во Македонија и да се стави на располагање на Центарлниот комитет. Тој најпрво заминал во Солун и во есента и зимата 1899 г., обучувал четници за ракување со оружје, а потоа на 14 февруари 1900 г. заминал во четата на Михаил Апостолов Попето во Гевгелиско и до неговото загинување кон крајот на 1915 г., со мали прекини, останал во Македонија. Бил четник, војвода, агитатор и организатор на МРО пред Илинденското востание во повеќе револуционерни околии и реони:

[2] ЦДА, ф. 1932, оп. 2, а, е. 187; Борис Й. Николов, *Вътрешна Македоно-одринска революционна организация, Войводи и ръководители (1893-1934)*, София 2001, 187. Христо Чернопеев, вистинското име и презиме му било Черну Пеев, е роден 16.07.1868 г. во село Дерманци, Плевенско. Загинал на 5.11.1915 г. Основно образование завршил во своето родно место. Откако десет години поминал во воена служба, ја науштил истата и работел како службеник. Во 1899 г. се вклучил во редовите на МРО. Загинал кај с. Пепелишта во битката на Криволак за време на Првата светска војна.

Гевгелиско, Еницевардарско, Кукушко, Струмичко, Малешевско, Горноџумајско. По Илинденското востанието бил на чело на Струмичкиот револуционерен округ. Чернопеев бил еден од најголемите противници на врховизмот и има голема улога во претворање на Струмичкиот револуционерен округ во бедем за спречување на продирањето на врховистичките чети во југозападна и јужна Македонија.[3] Бил близок соработник на Јане Сандански и учесник во формирањето на Народната федеративна партија во 1909 г. Учествувал во задушувањето на контрареволуцијата и во одбраната на младотурската власт. Меѓутоа, разочаран од непридржувањето на младотурците кон демократските принципи се одлучува, како и многу македонски револуционери негови блиски соработници, да се вклучи во обновувањето на четите и вооружената борба. Така, како и многу Македонци, тој ја прифатил воената опција на соседните балкански држави за решавање на македонското прашање во времето на балканските војни. Загинал во текот на Првата светска војна како воен старешина во редовите на 11-та македонска дивизија на Криволак.

Запишувачот на спомените на повеќе македонски револуционери, проф. Љубомир Милетич, оставил многу висока оценка за учеството на Христо Чернопеев во македонското ослободително дело. Според Милетич, Чернопеев со неговиот придонес за развојот и опстојувањето на Внатрешната организација и во борбата против врховизмот стои веднаш до Јане Сандански. Чернопеев самиот си обезбедил, како борбена сила, едно од највисоките места во четничката организација на Македонската револуционерна организација. Голем дел од својата енергија ја потрошил во борбата против врховистите.[4]

Крсто Асенов[5] бил внук на познатиот бугарски револуционер, Хаџи Димитар. К. Асенов по сугестија на Гоце Делчев во 1899 г. прифатил да биде учител во селото Лешко, едно од најважните села во Горноџумајско за одржувањето на врските и каналите на МРО со

---

[3] ЦДА, ф. 1932, оп. 2, а, е. 187.

[4] *Материяли за историята на македонското освободително движение*, кн. VII, Движението отсамъ Вардара и борбите съ върховистите, Македонски научен институт София 1927, 49.

[5] ЦДА, София, ф. 1932, о.п. 2, а.е. 187, л. 55; *Енциклопедия Пирински край*, том, I,Редакция "Енциклопедия", Благоевград 1995, 47. Крсто Асенов Хаџипетров (Мечката, Черкезот) е роден 1877 г. во Сливен, во истото маало во кое бил роден и Георги Папанчев. Двајцата биле инспирирани од идеите на бугарскиот револуционер Васил Левски.

пограничните бугарски градови. Во Лешко станал најдобар пријател и соработник со македонското револуционерно семејство Китанови: таткото Китан и неговите синови Сандо и Петар. Крсто Асенов до крајот на својот живот останал доследен на внатрешната македонска револуционерно ослободителна борба, бил еден од најактивните организатори и пропагатори на самостојното ослободително дело на Внатрешната организација и еден од најдоследните четници и војводи во спречувањето на врховистичките чети да навлегуваат од Бугарија во источниот дел на Македонија: Горноџумајско, Малешевско, Струмичко.[6] Асенов бил еден од најактивните посредници и слободно може да се рече преговарачи, дипломати при успешното завршување на акцијата за добивање на парични средства за вооружување на четите - грабнувањето и ослободувањето на мисионерката Елена Мис Стон. Иако бил противник на одлуката за предвремено востание донесена на Солунскиот конгрес на ЦК од јануари 1903 г., сепак како дисциплиниран член на Македонската револуционерна организација се покорил на решението и учествувал во неговите подготовки во Кукушко. Токму во време на подготовките за востание како кукушки војвода, Асенов трагично го загубил животот на 20 јули 1903 г. во селото Корнишор, како резултат на предавство и завист од најблиските негови четници во Кукушката чета. 93:[7]

Михаил Герџиков[8] уште како гимназијалец, бил импресиониран од ослободителните борби на балканските народи против османското господство. Бил еден од основачите на револуционерната група во Пловдивската гиманзија, која требало да придонесе за ослободување на Македонија. Таа негова револуционерноослободителна преокупација продолжила и по неговото заминување на студии во Женева во 1897 г. Бил еден од основачите на Македонскиот таен револуционерен комитет во Женева, според чија програма Македонија

---

[7] Ibidem; Елена Янева, *Участието на Кърстьо Асенов, племеник на Хаджи Димитър, в освободителните борби в Македония*, Македонски преглед, Македонски научен институт",volume XXVI, София 2003, No 3, 99-106.

[7] Ibidem; Елена Янева, *Участието на Кърстьо Асенов, племеник на Хаджи Димитър, в освободителните борби в Македония*, Македонски преглед, volume XXVI, София 2003, No 3, 99-106.

[8] Михаил Герджиков, *Спомени, Документи, Материали*, Наука и изкуство, София 1984, 6-50. М. Герџиков е роден во Пловдив на 26.01. 1877, а умрел во Софија на 18. 03. 1947 г.

требало да се ослободи со сопствени сили преку внатрешна револуционерна борба и да се конституира во посебна државно – политичка единица на Балканот. М Герџиков ги оформувал своите идеи за политичко и социјално ослободување на угнетените народи од Османската империја под влијание на прогресивната француска литература, идеите на руските револуционери посебно на народнаците, нихилистите и анархистите.[9] По запознавањето со Гоце Делчев во 1898 г., добил подетални информации за состојбата во револуционерноослободителното движење внатре во Македонија и меѓу двајцата започнала блиска соработка која траела сè до убиството на Гоце Делчев. Герџиков ја изразил својата почит кон личноста и делото на Гоце Делчев со зборовите: „Јас не гледам во историјата на македонско-одринското националноослободително движење некоја по совршена морална фигура од таа на Гоце Делчев“.[10]

По запознавањето на двајцата револуционери Герџиков и Делчев, тие влијаеле еден на друг со нивните сваќања и идеи за извојување на посветла иднина за Македонија и за сите народи на Балканот воопшто. Групата од Женева и најмногу М. Герџиков влијаеле врз Гоце со анархосоцијалистичките идеи. Герџиков обземен од идејата директно да придонесе за реализирање на револуционерно ослободителната програма на МРО, во 1899 г. ги напуштил студиите во Женева и поминал една година како учител во Битола, каде најактивно се вклучил во нејзината работа и бил член на Битолскиот окружен револуционерен комитет. Во есента 1900 г. станал четник во четата на Христо Чернопеев во Кукушко и Гевгелиско. Во летото и есента 1901 г., пак, се вратил со чета во Македонија. Герџиков и преку својата револуционерно-четничка дејност и преку активноста во легалната македонскоодринска емигрантска организација во Бугарија се залагал со сите сили да се зачува самостојноста на МРО. Во есента 1901 г. се вклучил во борбата против Врховниот комитет на чие чело тогаш биле генерал Иван Цончев и Стојан Михајловски. Во наредниот период до Илинденското востание и за време на истото дејствувал во Одринско.

---

[9] Ibidem, 8.

[10] Ibid., 7.

Герџиков никогаш не се одделил од своите соработници и соборци – македонските револуционери. Останал заедно со нив за време на балканските и Првата светска војна, во 1919 г. во редовите на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО, во раководните сили на ВМРО (обединета), во редовите на антифашистичките сили во Бугарија пред и за време на Втората светска војна. Посебно впечатливи се сведоштвата од Михаил Сматракалев (Ангел Жаров) за заедничкиот дочек на новата 1940 г. во Софија на група стари револуционери и членови на Македонскиот литературен кружок, меѓу кои бил и Герџиков.[11]

Михаил Герџиков искрено се радувал на конституирањето на македонската држава во 1944 г., која ја доживувал и како исполнување на големата желба на старите македонски револуционери и на младите антифашисти и македонски национални борци за создавање на македонска национална држава. До крајот на животот останал со македонските емигранти и револуционери во Софија[12].

Димитар Стефанов[13] благодарение на довербата што ја имал кај Гоце Делчев, станал еден од најзначајните дејци во МРО и влегол

---

[11] Ib., 134. Жаров забележал: „На средбата присуствуваа: Тодор Павлов, трите сестри на Гоце Делчев, Павел Шатев, Анастас Лозанчев, Михаил Герџиков, Александар Мартулков, Александра Хаџидимова и многу други. Од наша страна бевме сите членови на кружокот: Никола Вапцаров, Антон Попов, Георги Абаџиев, Тодор Јанев, Кирил Николов, Антон Великов и други. Јас, пишува Жаров, ја играв улогата на конферансие... Се искажаа Тодор Павлов, Ружа Делчева, Павел Шатев. Михаил Герџиков и други... Ораторите беа ислушувани со големо внимание и испраќани со аплауз и воодушевување. Но, најсилен ефект имаше говорот на Герџиков. Зборовите, коишто ги кажуваше паѓаа и се впиваа од нас како дожд во сува почва".

[12] *Од признавање до негирање, Бугарски ставови за македонското прашање-Статии, Говори, Документи-*, Избор и редакција Ванѓа Чашуле, Култура, Скопје 1970, 53, 54.

[13] Борис Й. Николов, *Вътрешна Македоно-одринска революционна организация, Войводи и ръководители (1893-1934)*, op. cit., 156; *Енциклопедия Пирински край*, том, II, Благоевград 1999, 290. Стефанов Димитар Георгиев е роден на 19. 08. 1871 г. во с. Карагач, Болградско, Бесарабија, а умрел на 11. 02. 1940 г. во Бургас. Завршил право на Московскиот универзитет и воено училиште во Киев. Во 1897 г. се вратил во Бугарија и бил судија во Русе, работел како правен консултант во Светиот Синод на Бугарската Егзархија во Софија и на други места. Во 1900/1901 г. бил директор на гимназијата во Битола. Тука активно се ангажирал во редовите на МРО и поради таа негова дејност турските власти го екстрадирале во Бугарија. Останува и понатаму во редовите на МРО, учествува во Илинденското востание, балканските и Првата светска војна. Во 1918 г. се враќа во Бургас, работи како адвокат, бил претседател на општинската управа во Бургас од 1918-1920 г. и претседател на Бургаскиот округ во 1931 г.

во раководните структури на истата, како централист и противник на врховистичките навлегувања и востанички провокации во Македонија. Димитар Стефанов заедно со Туше Делииванов го сочинувале Задграничното претставништво на МРО во Софија од септември 1901 до почетокот на 1903 г. На советувањата во Софија, околу одлуката на ЦК од јануари 1903 г. за кревање на предвремено востание, Димитар Стефанов го делел мислењето на Гоце Делчев дека таа одлука е избрзана и дека Организацијата сè уште не е подготвена за едно помасовно востание. За време на Илинденското востание учествувал како соработник на Јане Сандански во Серскиот револуционерен округ. Стефанов останува во редовите на МРО и по Илинденското востание. На Рилскиот конгрес во 1905 г. повторно бил избран за член на Задграничното претставништво на МРО.

Михаил Попето[14] учествувал во МРО како близок соработник на Гоце Делчев. Тој бил еден од првите четници и војводи на МРО. Бил четник во првата чета во Малешевско, која го извршила и грабнувањето на струмичкиот бег Назим. Потоа бил војвода во Гевгелиско, Солунско, Кукушко, Ениџевардарско. Кај него стажирале и четници кои потоа станале познати војводи на МРО. Токму затоа имал голема улога во изградувањето на четничкиот институт на МРО. Загинал во борба со една турска потера на 21. 03.1902 г.

Петар Југуков[15] се запознал со македонското револуционерно и ослободително дело уште како ученик во железарското училиште во градот Самоков. Тој е еден од основачите на револуционерниот кружок „*Трајко Китанчев*" во истото училиште. Овој кружок бил еден од најзначајните во кои имало повеќе подготвени револуционери, најмногу Бугари по потекло, за кои Гоце Делчев дал високо мислење дека треба

---

[14] Никола Петров Русински, *Спомени*, Предговор Редакција и коментар проф. д-р Даринка Пачемска Петреска и проф. д-р Војо Кушевски, Институт за национална историја (ИНИ), Скопје 1997, 58; Борис Й. Николов, *Вътрешна Македоно-одринска еволюционна организация, Войводи и ръководители*. op. cit. 106. Михаил Попето (М. Апостолов Рајнов) е роден во с. Дикања, Радомирско- на 21. 03. 1871 убиен 1902 г. кај с. Чугунци, Кукушко. Тој завршил трети клас гимназија. Бил резервен подофицер во бугарската војска. Пред вклучувањето во првата чета на ТМОРО во Малешевско бил горски чувар во Књажевската гора во близината на Софија.

[15] *Материяли за историята на македонското освободително движение*, кн. VII, op. cit., 157; Константин Пандев, *Националноосвободителното движение в Македония и Одринско*, op, cit., 296. Петар Југуков е роден на 19. 12. 1882 г. во Карлово. Умрел на 18. 01. 1906 г. во Прилеп.

да бидат прифатени во македонското ослободително движење. При посетата на овој кружок заедно со Никола Малешевски, Делчев останал восхитен од сплотеноста и готовноста на сите членови на кружокот да „жртвуваат сè за ослободителната идеја". Според оставените сведоштва на Петар Југуков: „Секој од членовите на кружокот требаше да изјави дека е согласен со целите и правилата на Внатрешната македонска организација. Кружокот беше еден вид клон на Внатрешната организација, главно во него да се подготвуваат дејци. Слични кружоци имаше во Дупница, Софија. Ќустендил, Стара Загора и други".[16]

Гоце не се излажал во оценката за нивната подготвеност да се жртвуваат. Повеќе од 20 членови на овој кружок ги положиле животите во Македонија и за слободата на Македонија.[17]

Меѓу нив бил и Петар Југуков, кој пролетта 1900 г. заминал во Македонија за да ја заземе функцијата секретар на Дојранската чета, потоа привремено бил војвода на четата на Христо Чернопеев. Дејствувал во Кукушко и Струмичко. Од 1902 до 1905 г. бил војвода на МРО во Тиквешко. Во 1905 г. станал Крушевски војвода. Во есента истата година бил тешко ранет и по неколку месечно лекување умрел.

Марко Лерински[18] во договор со Гоце Делчев заминал во летото 1900 г. во Македонија како воен инструктор за создавање на четнички кадар на МРО. Тој пристигнал во Битола, а Битолскиот революционерен комитет го испратил во Костурско, од каде набрзо преминал во Леринско како војвода на Леринската чета. Во Леринско неговата чета одиграла голема улога како агитаторско - организаторска чета бидејќи се претворила во четничка школа, од која излегле извонредно способни војводи на МРО.

Душо Желев[19] е еден од основачите и членовите на тајниот революционерен кружок „*Трајко Китанчев*" во Самоков. По убеду-

[16] *Материяли за историята на македонското освободително движение*, кн. VII, op. cit., 159.

[17] Од овој кружок во Македонија заминале: Петар Југуков, Никола Дечев, Никола Жеков, Душо Желев, Иван Тодоров, Велко Минков, Ефтим (Тимо) Ангелов, Велин Алајков, Делчо Коцев Димитров и други.

[18] Трифоновъ, *Себеодрицанието на македонския четникъ, Изъ революционно Леринско*, Ил. Илинденъ, София (1939), XI/8 (108); Х. Силяновъ, *Марко Лерински*, Македония, VI, (25. VI 1932).Марко Лерински (Георги Иванов) е роден на 20. 07. 1862 во Котел загинал на 14.06. 1902 г. во с. Пателе Леринско.

[19] *Енциклопедия Пирински край*, том, I, op. cit., 56; Душо Желев (Д.Ж.Стоянов) е роден на 9.01.1880 г.во с. Еркеч, Бургаско. Не ни е позната годината и местото на неговата смрт.

вање бил социјалист. Во револуционерно ослободителните борби на Македонија учествувал од 1901 г. до 1907 г. Бил војвода во Малешевско, Кратовско и Тиквешко. За време на Илинденското востание бил на чело на техничката чета во востаничкиот одред на Христо Чернопеев.[20]

Параскев Цветков[21] бил професор по музика во битолската гимназија. Во редовите на МРО бил примен кога дошол на работа во Битола во есента 1902 г. Цветков бил близок пријател со рускиот конзул во Битола, Ростковски и служел за врска меѓу конзулот и Битолскиот окружниот комитет на МРО. Откако османските власти во градот започнале да го следат поради споменатата негова улога во МРО, Параскев се префрлил во илегалност во околината на Битола и станал војвода во Битолската револуционерна околија- реон Битолско поле. Во април 1903 г., била интензивирана активноста на четата на П. Цветков околу наоружувањето на населението во нејзиниот реон. Тогаш со Цветков имало 15 четници. Во нивната агитаторска работа тие ја истакнувале и објаснувале и крајната цел на борбата, – а таа било дека тие се борат за Македонија, за автономна Македонија, за Македонија на Македонците и дека „нема да дадат ни педа од македонската земја ни на Србија, ни на Бугарија".[22]

Тој учествувал како делегат на Смилевскиот конгрес и бил избран за секретар на Конгресот. На враќање од конгресот во својот револуционерен реон Битолско поле, бил предаден и прифатил борба со турската војска и жандармерија во с. Могила во близината на Битола. По 24 часовна борба загинал херојски заедно со поголемиот број од своите четници, речиси пред очите на странските конзули во Битола.

---

[20] *Дневници и спомени за Илинденско-преображенското въстание*, Издателство на Отечествени я фронт, София 1984, 174-188.

[21] *Параскевъ Тодораки Цветковъ*, Ил. Илинденъ, София (1939), XI/5(105). П. Цветок е роден на 20 05. 1875 г. во гр. Плевен. Загинал на 21. 05. 1903 г. во с. Могила, Битолско. Се школувал во својот роден град и во Софија, каде завршил гимназија. Во 1897 г. заминал на понатамошно школување во Европа. Посетувал студии по музика на конзерваториумите во Прага и Дрезден.

[22] *Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија.* Редакција и коментар Љ. Лапе, ИНИ, Скопје 1954,166.

Бугарскиот поет Пеју Јаворов,[23] исто така, се вбројува во редот на бугарските револуционери и поети кои учествувале во македонското револуционерноослободително движење, како четник во неколку чети, меѓу кои во четите на Гоце Делчев и Јане Сандански, два пати како војвода на чета (1903 и 1912 г. во рамките на Македоноодринското ополчение), но и со перо, како уредник или соработник на печатните изданија на Македонската революционерна организација: *Дело*, *Право*, го издава хектографираниот весник *Слобода или смрт* (февруари до април 1903 г.), ја издава *Автономија*, (1903 г.) орган на Задграничното претставништво на Македонската революционерна организација. Во дел од своите поетски и книжевни дела Јаворов пее и пишува за величината и голготата на македонските револуционери и за нивното ослободително и патриотско дело. Меѓу нив се вбројуваат: циклусот *Ајдутски песни,* настанати во 1901 г. по неговото запознавање со Гоце Делчев и неговото целосно ангажирање во македонската револуционерна и ослободителна борба, емотивната биографија на Гоце Делчев објавена во 1904 г. и возбудливото мемоарско дело за неговото учество во македонското националноослободително дело *Ајдутски копнежи*, објавена во 1908 г.[24]

Никола Пушкаров,[25] по настојување на Гоце Делчев, во јули 1902 г. заминал за учител во педагошката гимназија во Скопје. Бил агитатор и организатор на МРО во Скопје и Скопско, но ја проширил пропагандно-револуционерната активност и во други градови во Скопскиот револуционерен округ: Тетово, Куманово, Кратово, Кочани и Крива Паланка. Тука доста време посветил на борбата против врховистите. Учествувал во Илинденското востание во Скопскиот револуционерен округ. По завршувањето на Првата светска војна, Н. Пушкаров повторно е со македонските револуционери

---

[23] *Гоце Делчев во спомените на современиците*, Редакција Христо Андонов - Полјански, Култура, Скопје 1979, 134; *Енциклопедия Пирински край*, том, II, Благоевград 1999, 449. Пеју Јаворов Крачолов (псевдоним за П. Тотев К.) е роден во градот Чирпан на 1.01. 1878 г., а трагично го завршил животот на 29.10.1914 г. во Софија.

[24] Ibidem; *Енциклопедия Пирински край*, том, I, op. cit, 149-150:

[25] *Материяли за историята на македонското освободително движение*, кн. VII, op. cit., 179;. Борис Й. Николов, *Вътрешна Македоно-одринска революционна организация, Войводи и ръководители*,.op. cit., 141. Н. Пушкаров е роден на 14. 12. 1874 г. во гр. Пирдоп. Умрел на 18, 02. 1943 г. во Софија. Се школувал во својот роден град. Во 1901 г. завршил природни науки на Високата школа во Софија.

кои во времето на одржувањето на Мировната конференција во Париз во 1919 г. го актуелизирале прашањето за правото на македонскиот народ на самоопределување, обединување на Македонија и формирање на автономна, односно независна македонска држава. Бил потписник на Апелот на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО од 9 март 1919 г. заедно со Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Петар Ацев, Петар Поп Арсов, Таската Спасов Серски, Анастас Лозанчев и други.[26]

Меѓу револуционерите Бугари, во редовите на македонското револуционерно и националноослободително движење истакнато место заземаат и оние кои својата најзначајна улога ја имале во Серскиот револуционерен округ како соработници и следбеници на Јане Сандански, или едноставно познати како серчани-санданисти: Чудомир Кантарџиев, Александар Бујнов, Тодор Паница и други.

Чудомир Кантарџиев,[27] социјалист по убедување, се вклучил во македонското националноослободително движење уште како студент на Правниот факултет во Софија. По примерот на неговиот сограѓанин Крсто Асенов и тој решил да замине во Македонија. Во 1904 г., уште додека бил студент, заминал во Серскиот револуционерен округ на Македонската револуционрена организација, искрено и предано му служел на македонското ослободително дело, станал еден од најпреданите соработници на Јане Сандански. Тоа е во времето кога „идејната диференцијација во македонското револуционерно движење веќе била зацртана и Сандански бил истакнат како водач на левицата“.[28] Во 1905 г. Чудомир е избран за член на Серскиот револуционрен окружен комитет. Поради неговата организаторска и идејнополитичка подготовка и ангажираност во работата со масите во Мелничко, Неврокопско и Горноџумајско и поради тоа што во својство на член на комитетот правел ревизија на учителите, него го

[26] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том први, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1981, 608.

[27] ЦДА, ф. 1932, оп. 1, а.е.223; ф. 1955к. оп. 1, а.е. 6; Чудомир Петров Кантарџиев е роден на 21. 09. 1883 г. во градот Сливен. Гимназија завршил во родниот град. Социјалистичките идеи ги прифатил од неговиот брат Михаил Кантарџиев, кој бил еден од првите социјалисти во Сливен. Чудомир уште како ученик бил задоен со идеите и делата на Христо Ботев.

[28] ЦДА, ф. 1955к. оп. 1, а.е. 6.

нарекувале „*министер за просвета*“ во Округот и „*Јован Златоуст*“. Бил еден од најактивните при формирањето на Народната федеративна партија. Во 1919 г. повторно е меѓу старите македонски револуционери и поранешни централисти и серчани, потписници на Апелот на Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО. Како доследен револуционер и приврзаник на новата програма на македонското националноослободително движење прокламирана во Мајскиот манифест 1924 г., бил убиен во септемвриските колежи, организирани од ВМРО по убиството на Т. Александров.

Александар Бујнов[29] се вклучил во македонското револуционерно движење во Скопско, а во 1904 г. преминал во Серскиот револуционерен округ и истата година бил избран за член на Серскиот револуционерен комитет. Многу брзо станал почитуван учител и револуционер. Бујнов е од групата македонски револуционери – основачи на легалната Народна федеративна партија во Македонија за време на младотурскиот режим и член на нејзиното централно раководство. По темперамент бил буен и навистина го заслужувал прекарот Бујната (Бујниот). Еден од неговите соработници – серчани во 1927 г. во Виена запишал: „Бујнов уште во почетокот беше со определен мироглед по македонските работи. Тој многу правилно ги сфаќаше јасно определените противречни интереси меѓу, Македонската револуционерна организација и официјална Бугарија-Бугарија на Бугарскиот дворец... Бујната беше бесстрашен револуционер. За него македонското дело беше најсветлиот идеал во неговиот живот“.[30] Токму поради доследноста на тој идеал како серчанец и приврзаник на новата македонска националнополитичка платформа објавена во Мајскиот манифест во 1924 г., која јасно ја актуализира потребата од зачувување на независноста на македонското националноосло-

[29] ЦДА, ф. 1932, оп. 1, а.е.223; *Енциклопедия Пирински край*, том, I, op. cit., 116. Ал. Бујнов е роден во гр. Шумен на 26. 09. 1879 г., а убиен е од луѓето на Иван Михаилов во 1924 г. во Банско. Се школувал во Шумен и Софија. Во 1896 г. започнал да студира право во Софија. Во 1897 г. е примен со конкурс за актер во професионалниот театар „*Солза и смев*“ во Софија. При една турнеја на театарот во Солун во 1898 г. се поврзал со дејци на МРО. Во 1902 г. е актер во современиот театар на Матеј Икономов. Во наредната 1903 г. веќе е вклучен во МРО, а по Илинденското востание го напушта театарот и се вклучува активно во револуционерноослободителната борба во Македонија. Останува со мали прекини до крајот на животот во Македонија, во градот Банско.

[30] ЦДА, ф. 1932, оп. 1, а.е. 223.

бодително дело и подеднакво ја осуди политиката на сите блакански држави кон Македонија, беше убиен на 26 септември 1924 г. во познатите септемвриски колежи извршени од членови на ВМРО автономистичка.

Овие и уште неколку десетици други бугарски револуционери влегле во Внатрешната организација со претходна согласност од македонските револуционери и раководители на Внатрешната организација: пред сè на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански и други, и најголемиот дел од тие бугарски револуционери не ја изневериле довербата на македонските раководители, останале доследни на слободно дадената заклетва на Македонската револуционерна организација сè додека таа функционирала согласно со принципите на внатрешноста и самостојноста на македонскотоослободително дело и на стремежите и желбите на Македонците да живеат во своја македонска држава, како и другите слободни балкански народи. Со тоа станале и македонски револуционери. Тие биле со различно социјално потекло и степен на образование: потекнувале од селски и градски средини, некои од нив со основно, некои со гимназиско образование, учители, подофицери, други со високо незавршено (студенти) или завршено високо образование: правници, актери, професори, биле со различни идејнополитички убедувања: граѓански демократи, либерали, социјалисти, анархисти и други. Биле на различна возраст, од најмлади момчиња до возрасни луѓе со семејни обврски. Која и каква ли била силната волја кај тие личности да ја напуштат својата таковина да ги остават своите најблиски, своите родители и деца ширум Бугарија, да го напуштат школувањето и животот во европските универзитетски центри, да се откажат од можноста за убава и успешна кариера во бугарското општество и да заминат во друга земја Македонија, во неизвесноста, таму каде можело да се остане засекагаш, да се загине. И пак одговорот може да се бара во констатацијата на Делчев оставена за членовите на самоковскиот револуционерен кружок – нивната возвишена идеја за универзалноста на слободата и подготвеноста да „жртвуваат сè за ослободителната идеја“.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

Darinka PETRESKA

# REVOLUTIONARIES FROM BULGARIA TAKING PART IN THE MACEDONIAN REVOLUTIONARY NATIONAL LIBERATION MOVEMENT AT THE END OF XIX CENTURY AND BEGINING OF XX CENTURY


## Abstract

*Many revolutionairies from the countries and nations neighboring Macedonia had taken part in the struggle of the Macedonian liberation movement at the end of XIX century and begining of XX century. Among them were many revolutionaries from Bulgaria fighting for the Macedonian liberation and also for the establishing an independent Macedonian state.*

*This is a clear example that during the centuries of Ottoman rule in the Balkans there was a joint effort for co-operation on the behalf of all national liberation movements in the accomplishment of their programs for a national liberation.*